# ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“ СКОПЈЕ
# ПРИЛАГОДЕН КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО за учебната 2021/2022 година

Со училишниот куќен ред се уредува животот и работата во училиштето. Истиот треба да го почитуваат сите вработени, учениците, родителите и посетителите. Почитувањето на Протоколот е во насока на заедничка заштита и ги намалува шансите за ширење на вирусот во објектот.

## НАСТАВА

- ✓ Наставата во училиштето се одвива во две смени и тоа:
- ✓ Прва и втора смена
- ✓ Распоредот на ѕвонење е даден во табелата:

| **Распоред на ѕвонење за I, II, III одделение<br>Учениците одат прва смена** | |
|---|---|
| 1 час | 08:00-08:40 |
| 2 час | 08:45-09:25 |
| голем одмор | 09:25- 09:40 |
| 3 час | 09:40-10:20 |
| 4 час | 10:25-11:05 |
| 5 час | 11:10-11:50 |
| 6 час | 11:55-12:35 |

| **Распоред на ѕвонење за IV, V и предметна настава (VI, VII,VIII,IX)** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Прва смена** | **Втора смена за IV, V** | **Втора смена за VI, VII,VIII,IX** |
| 1 час | 07:30-08:10 | 13:15-13:55 | 13:00-13:40 |
| 2 час | 08:15-08:55 | 14:00-14:40 | 13:45-14:25 |
| голем одмор | 08:55- 09:10 | 14:40-14:55 | 14:25-14:40 |
| 3 час | 09:10-09:50 | 14:55-15:35 | 14:40-15:20 |
| 4 час | 09:55-10:35 | 15:40-16:20 | 15:25-16:05 |
| 5 час | 10:40-11:20 | 16:25-17:05 | 16:10-16:50 |
| 6 час | 11:25-12:05 | 17:10-17:50 | 16:55-17:35 |
| 7 час | 12:10-12:50 | 17:55-18:35 | 17:40-18:20 |

- ✓ Смените во училиштето се менуваат на две седмица.
- ✓ Часот трае 40 минути за сите ученици, со 5 минути мал одмор и помеѓу вториот и третиот час има голем одмор кој трае 15 минути. Училишното ѕвонче нема да се употребува, и почетокот и крајот на секој час ќе го одредува одделенскиот/ предметниот наставник согласно однапред утврден распоред на времетраење на час по одделение/ паралелка.
- ✓ Одморите помеѓу часовите учениците ги поминуваат во училница.
- ✓ Учениците доаѓаат на училиште според предвидениот распоред за влез, без меѓусебно групирање и строго почитувајќи ги протоколите на училиштето.
- ✓ На учениците пред влезот на училиштето, им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на покачена телесна температура (над 37.4°C) не се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
- ✓ За време на наставата во училницата, доколку дозволуваат временските услови, се остава отворен прозорец.
- ✓ Во фискултурната сала и во соблекувалните може да биде присутно само едно одделение. За останатите одделенија кои имаат час во исто време, одговорниот наставник ги организира одделенијата каде ќе имаат час и каде ќе се преслекуваат учениците.
- ✓ Правилното носење маска, одржувањето на предвидената дистанца и придржувањето на епидемиолошките мерки предвидени во протоколите е **ЗАДОЛЖИТЕЛНО**.
- ✓ Училиштето води евиденција на дневна основа за присуство на учениците.
- ✓ Реализација на наставата, отсуства на учениците се евидентира во е-дневник.

## НАСТАВНИЦИ

- ✓ Наставиците доаѓаат на училиште половина час пред почетокот на наставата, за што училиштето води редовна евиденција.
- ✓ Наставникот редовно ги одржува своите часови по распоред, независно дали тоа ќе биде со физичко присуство или на далечина, согласно распределенијата на директорот усвоени со Годишната програма на училиштето.
- ✓ Во одделенијата каде наставата се следи со физичко присуство, наставникот е во својата училница во текот на целиот престој на учениците во училиштето.
- ✓ Наставникот е со своето одделение за време на часовите и одморите.
- ✓ Доколку наставникот има потреба да отсуствува од работа, за истото треба да го извести директорот и стручната служба.
- ✓ Со согласност од директор, наставниците кои работат во настава од далечина може часовите да ги одржат и од друго место, но според официјалниот распоред на училиштето.
- ✓ Во случај на технички проблем при изведување на настава од далечина треба да го известат директорот и учениците. Доколку техничкиот проблем го оневозможува држењето на часот, наставникот е должен наставниот материјал да им го достави на учениците по електронски пат.

# ДЕЖУРЕНИ НАСТАВНИЦИ

- ✓ Дежурствата се прават недела за недела.
- ✓ Колегите што се дежурни во двор, не треба да дозволуваат групирање на ученици.
- ✓ На крај од секој ден, треба да се направи записник од главниот наставник, со задолжително внесување кои задолженија ги имале дежурните наставници,
- ✓ За малите одмори учениците не излегуваат од училница, а за големиот одмор, или сите ученици од одделението остануваат во училница, или сите ученици од одделението одат надвор, задолжително со придружба на одделенскиот раководител/ или наставникот кој го одржал вториот час и тоа за 6 и 7 одд. во заден двор, 8 и 9 одд. во преден двор. Доколку одделенскиот раководител почнува покасно со часови, по договор со одделенскиот раководител, учениците се носат во двор од друг наставник и тоа влегува во записник. За време на големи и мали одмори, не треба да се дозволи мешање на учениците од различни одделенија
- ✓ На учениците не им е дозволено да излегуваат од училишен двор додека се на настава, па затоа е препорачливо од дома да носат ужинка, вода и слично
- ✓ На родителите им се забранува влегување во училишен двор, се оди преку одделенскиот раководител
- ✓ За потреба во тоалет, учениците се пуштаат еден по еден за време на час.
- ✓ Наставниците кои имаат слободен час, ќе бидат на приземје кај влезовите, за да не се дозволи влегување на родители и надворешни лица
- ✓ Записниците задолжително се пишуваат ден за ден, бидејќи доколку се појави кластер, епидемиолошката служба треба да знае кои наставници да ги бара за разговор.
- ✓ Наставниците кои планираат час надвор од училницата на одделението имаат обврска да ги земат учениците од училница и после завршување на часот да ги допратат учениците во училница
- ✓ Наставникот е должен да ги допрати учениците до излез, доколку тој час е последен за учениците
- ✓ Наставниците да си креираат свој распоред во Teams, за часови со оние ученици кои имаат барање за on-line настава.

За секое отсуство на ученици од училиште , и само на еден ден, ќе мора да се достави потврда од матичен доктор дека ученикот може да продолжи со настава. Доколку има ученици или родители на учениците позитивни на ковид 19, задолжително да се извести одделенскиот раководител. Таквите ученици кога ќе се вклучат повторно во настава, исто така мора да приложат потврда од матичен доктор дека ученикот може да продолжи со настава.

## УЧЕНИК ВО НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

Секој ученик е должен да:

- ✓ Доаѓа во времето пропишано за неговото одделение и паралелка
- ✓ Носи маска во текот на целиот престој во училиште
- ✓ Ги почитува сите препораки за да го заштити сопственото здравје и здравјето на своите соученици и наставникот со редовно миење и дезинфицирање на раце и одржување препорачана физичка дистанца.
- ✓ Се грижи за редот, дисциплината и хигиената во училиштето и училишниот двор
- ✓ Го почитува етичкиот кодекс на однесување на училиштето

## УЧЕНИК ВО НАСТАВА ОД ДАЛЕЧИНА

- ✓ Секој ученик е должен навреме да се вклучува на закажаниот час на платформата според распоредот на неговата паралелка
- ✓ Секој ученик е должен да го најави или оправда секое отсуство од часовите на далечина кај неговиот одделенски или класен раководител
- ✓ Во случај на технички проблем за истиот да го извести одделенскиот или класен раководител за да добие дополнителни насоки за работа или печатени материјал
- ✓ Ученикот треба да го почитува етичкиот кодекс на однесување во е-училницата

## УЧЕНИК СО ПОП

- ✓ Учениците со ПОП имаат право на образовен асистент доделен од страна на МОН кој ќе им помогне во совладување на материјалот предвиден со наставниот план и програма за одделението кое го следат, независно од тоа дали наставата ја следат од далечина или со физичко присуство
- ✓ Образовниот асистент присуствува на наставата со физичко присуство за време на редовната настава во училниците следејќи ги сите препораки по протоколот за работа на училиштето
- ✓ Образовниот асистент треба да му помогне на ученикот со ПОП да ги почитува сите препораки за да го заштити неговото здравје и здравјето на соучениците, образовниот асистент  и наставникот со редовно миење и дезинфицирање на раце и одржување препорачана физичка дистанца
- ✓ Образовниот асистент треба да ги следи насокоите на МОН за работа со ученик со ПОП во услови на настава од далечина

## ХИГИЕНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

- ✓ Хигиената и оддржувањето на просториите и санитарните јазли да се одржува редовно и според протоколот за работа
- ✓ Чистењето на училниците се врши во време кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и средство за дезинфекција .
- ✓ Санитарните јазли, холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.

## УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА

- ✓ Позајмувањето и враќањето на библиотечен материјал и литература од училишната библиотека ќе се врши низ комуникација ученик - одделенски раководител – библиотекар и повторно одделенски раководител – ученик и тоа: ученикот потребата од лектирно издание ја најавува на кај одделенскиот раководител, одделенскиот раководител доставува барање (писмена или електронска комуникација) за соодветна литература до библиотекарот кој пак ги обезбедува истите и ги позајмува на одделенскиот раководител
- ✓ Одделенскиот раководител ќе ги враќа позајмените книги од библиотека со одложување на истите во картонска кутија поставена во просторијата, откако библиотекарот ќе ги евидентира истите.
- ✓ Вратените книги нема да бидат достапни за позајмица во наредните 24 часа (по 24 часа ќе бидат вратени на полица)
- ✓ Позајмувачите на книги (одделенските раководители) како и библиотекарот при физичката комуникација задолжително ќе носат заштитна опрема при работа.
- ✓ Библиотекарот ќе користи средство за дезинфекција при секоја позајмица на книга.

## Следење на здравствената состојба на учениците и вработените во училиштето и постапување во случај на заболени од КОВИД-19

- ✓ Вработените во училиште со хронични заболувања доколку спаѓаат во групата на ризични категории на граѓани определена од Комисијата за заразни болести ќе користат боледување, а на нивно место ќе се ангажираат наставници со согласност од градоначалник до најмногу три месеци. По истекот на трите месеци доколку епидемиолошката состојба со КОВИД -19 ја налага потребата од понатамошно останување дома на оваа категорија на наставници, се дава согласност од МОН за замена на отсуството на овој наставник до негово враќање на работа во училиштето. Доколку наставата ја реализираат на далечина, овие наставници директорот може да ги ослободи да работат од дома.
- ✓ Во сите неизбежни активности за кои е потребен почест контакт со други луѓе, неопходно е да се овозможи физичко растојание онолку колку што дозволуваат условите и задолжително да се носи маска/визир.
- ✓ Директорот од редот на вработените во училиштето ќе определи лице за водење евиденција за епидемиолошката состојба на вработените во училиштето и учениците.
- ✓ Родителите/старателите се должни да му мерат температура на детето секој ден пред доаѓање на училиште, и во случај на покачена температура не смеат да го донесат детето во училиште, туку да се јават на телефон на директорот/ наставникот/одделенскиот раководител на паралелката. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
- ✓ Лицето за водење евиденција за епидемиолошката состојба на учениците и вработените во училиштето (педагогот) треба да поднесува извештај до директорот на училиштето (води евиденција за вредностите на измерената телесна температура и можното постоење на респираторни симптоми). Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето ќе се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/визир и директорот/ педагогот ќе

воспостави комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето ќе достави извештај до Општината и до Министерството за образование и наука.

- ✓ Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник задолжително ќе го изолира ученикот во посебна просторија и веднаш ќе ги извести родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
- ✓ Доколку кај некој од вработените се појават здравствени симптоми со температура и/или респираторни симптоми треба веднаш да го напуштат работното место , но секако претходно да го информираат директорот и педагогот на училиштето. Вработените се должни да го известуваат директорот за својата здравствена состојба, посебно за резултатите доколку е направено тестирање за КОВИД 19. Директорите ќе обезбеди замена за отсутниот вработен
- ✓ „Училиштето обезбедува посебна просторија за изолација во случај на развивање симптоми кај ученик за време на наставата.
- ✓ Доколку ученик за време на наставата развие симптоми на КОВИД-19 или осети одредени здравствени потешкотии истиот од страна на наставник или стручен работник се изолира во посебна просторија и веднаш се известува родителот/старателот, кој е должен во најкраток временски период да го земе детето од училиштето. Вработените кои ќе го носат ученикот во посебната просторија задолжително мора да носат соодветна заштитна опрема.
- ✓ Просторијата каде ученикот или вработениот кои развил симптоми престојувал треба веднаш да се дезинфицира.
- ✓ Родителот/старателот е должен да го извести одделенскиот наставник или директорот навремено за здравствената состојба на своето дете.
- ✓ Ученик кои е во самоизолација наставата ја следи онлајн од дома.

## РОДИТЕЛИ

- ✓ Родителите треба да ги почитуваат термините за почеток на настава по одделение и на време да ги носат учениците на настава со физичко присуство.
- ✓ Родителот го остава своето дете-ученик на влезната врата во дворот на училиштето и нема дозвола да влезе во просториите на училиштето, освен со дозвола од директор
- ✓ За учениците кои следат настава на далечина, родителот треба да обезбеди можност ученикот навремено и редовно да се вклучува на настава.
- ✓ Во случај на технички проблем за истиот да го извести одделенскиот или класен раководител за да добие дополнителни насоки за работа или печатени материјал
- ✓ Родителот може да разговара со предметен или одделенски наставник преку некоја електронска алатка по претходна најава
- ✓ Должен е да ги посетува родителските средби од далечина согласно одлуките на училиштето
- ✓ Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите ќе се одвиваат преку телефон или преку некоја онлајн апликација што договорно ќе ја користат родителите и наставниците.

**ДИРЕКТОР**
**м-р Борче Миревски**